# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ТРКАЛЕЗНАТА МАСА

## „Економските можности за жените на локално ниво„

## одржана во Скопје, 27 април, 2016

---

34 активистки, истражувачки и претставнички на локалните власти од Македонија и Косово, на тркалезната маса организирана од Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, на 27 април 2016 во хотел „Солун“ во Скопје, дебатираа за клучните предизвици и ги преиспитаа тековните политики за подобрување на економските можности за жените на локално ниво.

Тркалезната маса беше реализирана во рамки на Проектот „Меѓугранична еднаквост и родова интеграција“, поддржан од ЕУ во рамките на ИПА инструментот за прекугранична соработка меѓу Македонија и Косово. Проектот го реализира Акција Здруженска, во партнерство со Косовскиот центар за родови студии, Институтот за развој на заедницата од Тетово и Центар за советување и поддршка на жените Дора Дорс од Призрен.

На тркалезната маса беа претставени резултатите и препораките од истражувањето ***„Состојбата со еднаквоста на пазарот на трудот и достоинството, интегритетот и родово заснованото насислтво во Полошкиот регион“***, а беа споделени и податоци од истражувањето на состојбата во овие области на Косово.

Освен препораките од истражувањето, во рамките на дискусијата произлегоа следниве генерални заклучоци и препораки во однос на три клучни прашања на кои се дискутираше:

**Какви политики и програми за вработување, поттикнување на женското претприемништво и намалување на сиромаштијата се потребни на локално ниво?**

- **Отсуството на систематско интегрирање на родовата еднаквост во политиките за вработување е ограничувачки фактор за нивната ефикасност и ефективност**

И покрај тоа што родовата еднаквост е императив и постојат таргети за зголемување на процентот на вработени жени во актуелните политики за вработување, вклучувајки ги и активните политики и мерки, националната статистика и родовите анализи повеќе години констатираат нееднакви можности за жените на пазарот на трудот: висока стапка на економска неактивност, хоризонтална и вертикална сегрегација, нееднаквост во платите, сиромаштија при вработеност.
Исто така отсуствуваат специјализирани програми и мерки во кои целна група се различни категории жени, а недостасуваат и родови индикатори и специфични критериуми кои ќе обезбедат еднаков пристап и можности за искористување на мерките од страна на жените.

- **Понудените видови/типови и методологијата во спроведувањето на активни програми и мерки за вработување се во висок расчекор со потребите и потенцијалите на жените.**

Економското јакнење на жените станува се поактуелна тема во последно време, што е позитивен тренд. Меѓутоа, од друга страна, државниот завод за статистика бележи зголемување на бројот на економски неактивни жени, особено кај жените од 35 до 49 години, што претставува аларм дека активните политики, вклучувајќи ги и програмите и мерките за поттикнување на претприемништвото, не одговараат со потребите на терен.

При подготовката на националните политики потребно е да се земат предвид локалните специфики, предизвици и потреби на жените. Исто така, на локално ниво постои пракса жените да се третираат како една од маргинализираните групи, што е несоодветен пристап.

Потребно е воспоставување на неопходните предуслови за жените да можат да се посветат на економските активности, бидејќи ограничената достапност на локални услуги (вода, струја, јавен превоз, градинки, центри за лица со посебни потреби и стари и изнемоштени лица) го оптоварува секојдневието на жените, особено оние од руралните средини, и заедно со недоволната информираност и учество ја оневозможува реализацијата на нивните економски и други интереси.

Тековните програми и мерки треба да се скројат на начин кој ќе обезбеди искористување на потенцијалот на жените. Несоодветноста најдобро може да се илустрира низ прашањата за тоа дали на жените навистина им требаат курсеви по англиски и компјутери, кога се долгорочно невработени? Дали им фали англиски за да се вработат, и каде ќе се вработат по курсот? Дали локацијата каде што се одржуваат часовите им е достапна на сите? Дали жена од Брвеница може да посетува курс во Тетово, со оглед на лошата инфраструктура?

Потребно е надминување на културните предрасуди кон жените во бизнисот. Младите жени особено излегуваат од рамките на културните стереотипи, повеќето од нив се добро информирани и образувани во поголеми средини. Жените треба да се гледаат како ресурс и потенцијал, а не како некоја кутра категорија на која ѝ треба помош. Во Македонија постои огромен број на неактивни жени, што претставува неискористен ресурс. Женското претприемништво мора систематски да се промовира. Успешните жени треба да се промовираат како модели, бидејќи тие со својот стекнат авторитет во заедницата, имаат капацитет да повлечат со себе цела група жени, да преговараат со општината, итн.

Искуствата од реализацијата на програмите за економско зајакнување преку поттикнување на претприемништвото покажуваат дека голем дел од жените поседуваат вештини кои се барани на пазарот, но она што им е потребно е пристап до информации, систематска специјализирана поддршка врз основа на идентификувани потреби наместо еднократни обуки, финансии/опрема, маркетинг и пристап до пазари и сл.

Потребно е да се земе предвид тоа што често, жените само фигурираат како носители на бизнисот, а контролата или поддршката е кај нивните сопрузи или членови на семејството. Поради ова потребен е пристап кој ќе овозможи поддршка за жените за самостојно управување со нивниот бизнис.

Даночната политика и недоволниот пристап до финансии се ограничувачки фактор за голем дел од жените кои сакаат да ги формализираат, одржат или развијат малите бизниси преку пласман на производите на странски пазари. Високите давачки ги исцрпуваат, а кредитите им се недостапни бидејќи немаат имот на сопствено име, заради што се потребни грант шеми со придружни мерки во поддршка на формализацијата и развојот на бизнисите.

Потребно е идентификување и прилагодување на модели/пристапи/искуства кои во земјите од регионот или ЕУ се покажале како добри практики во поддршка на економското зајакнување и обезбедување еднаквост на жените на пазарот на трудот, вклучувајќи ја и промоцијата на еднаквоста кај бизнис заедницата и обезбедувањето еднаков пристап на женските бизниси до јавните набавки.

Проектот е финансиран од Европска Унија
.

Проектот е имплементиран од Акција Здруженска Скопје и Институт за развој на заедницата Тетово

- **Отсуствува систематска промоција и автентични локални политики/програми/мерки за економско зајакнување на жените.**

Плановите за ЛЕР на некои од ЕЛС содржат мерки за економско зајакнување, но не се обезбедени буџетски средства за нивна реализација. Не се прифатливи оправдувањата дека општините немаат средства бидејки буџетските анализи упатуваат на високи буџетски издвојувања/трансфери за кои не се познати корисниците ниту намената, или пак се во спротивност со идентификуваните приоритети на граѓаните, особено жените.

Иницијативите со докажан потенцијал за одржливо вработување на жените кое носи достоинствен приход, во најголем дел се иницирани во рамките на проекти кои се финансирани од развојната помош. Заради обезбедување на нивна одржливост, потребно е тие да се поддржат преку нивно интегрирање во локалните политики за економски развој и преземање на финансирањето од буџетите на локалните самоуправи. Воедно, одржливоста може да се обезбеди и преку нивно интегрирање како модели/мерки во рамките на плановите за вработување и буџет на централната власт.

**Како да се подобри ефикасноста на заштитата од сексуално малтретирање, мобинг и други облици на дискриминација врз жените при вработување и на работното место?**

- **Дискриминацијата и насилството врз жените на пазарот на трудот (мобингот врз жените и особено сексуалното малтретирање се прашања кои отсуствуваат како фактор на влијание за нееднаквоста и родовиот јаз во политиките за вработување**.

Високата невработеност и несигурноста на работните места заради видот на договори за вработување се главни фактори кои влијаат на дискриминацијата врз жените на работното место.
Природатата и последиците од различните облици на дискриминација врз жените и кршењето на нивните права од работен однос, особено мобингот и сексуалното малтретирање не смеат повеќе да се занемарувуваат. Последиците за жените-жртви на ваков вид на насилство се од најразлична природа: психолошки, финансиски, губење на работно место, добивање пониска работна позиција, добивање повеќе работни обврски, недобивање соодветни работни обврски, намалена концентрација, континуиран притисок за избегнување на насилникот во работното време, итн. Жените коишто се среќаваат со вакви проблеми или самите даваат отказ, или се отпуштени од работа. Но, факт е дека жените ги губат своите работни места поради сексуалното малтретирање, чии жртви се тие самите.
Профилот на жртвите ги вклучува младите жени, жените кои се вработени на усен или хонорарен договор, жените во приватниот сектор, но и жените кои се наоѓаат на средината или на пониските позиции (хиерархиски) во фирмата.

Потребно е терминолошко усогласување во законите кои го третираат прашањето на сексуалното малтретирање со дефиницијата од Законот за еднакви можности на жените и мажите и воведување на специјализирани механизми за ефикасна операционализација на заштитата.
Оступството на ефикасен систем на заштита, особено во приватниот сектор, проблемите поврзани со неможноста од докажување на дискриминацијата и сексуалното вознемирување, како и културните ограничувања, влијаат на исклучително нискиот број на пријавени случаи преку механизмите воспоставени од страна на одредени граѓански здруженија.
Синдикалната заштита е исто така нефункционална заради тоа што имплементацијата на она што е донесено како закон и регулатива не функционира во пракса. Синдикатите мора да функционираат подобро, заради што најдобро е поединечните синдикати да се здружат и да застанат во реална одбрана на правата на работничките. Механизмите за поддршка воспоставени во рамките на синдикатите не можат да понудат повеќе од психолошка поддршка и советување. Оттука произлегува неможноста да се потврди позитивен исход за жените [illegible]е постапки, затоа што

Проектот е финансиран од
Европска Унија
.

Проектот е имплементиран од Акција Здруженска Скопје
и Институт за развој на заедницата Тетово

докажувањето на ваквите случаи е многу тешко. Потребни се повеќе работилници, јавни дебати и обука на работодавачите, особено менаџерските тимови.

**Кој е можниот придонес на граѓанските организации во подобрувањето на положбата на жените на пазарот на трудот?**

И покрај тоа што политичкиот контекст е оценет како крајно неповолен за дејствувањето на граѓанските здруженија, заклучокот е дека невладините организации, особено оние кои дејствуваат во локалните заедници, можат во голема мерка да влијаат на подобрување на третманот на економското зајакнување на жените како фокус на идните политики во сферата на вработувањето. Фондови има, но тие се мали или планирани во сферата на социјалната инклузија, заради што е потребно дејствување кое политиките подеднакво ќе ги насочи и кон младите образувани жени и кон маргинализираните категории жени.

Преку директен контакт со жените од заедницата НВО можат да помогнат во идентификација на специфичните потреби и потенцијали на жените, обезбедување на информации за можностите и поддршка, како и застапување на јавно финансирани релевантни социјални услуги.

Потребно е поголемо вклучување на граѓанските здруженија во поглед на систематска промоција, поттикнување и застапување на мерки и фондови за развој на женското претприемништво.

Социјалното претприемништво и трансферот на надлежности од страна на локалните самоуправи како можност за едновремено обезбедување услуги и пристап до вработување на ранливи категории на жени исто така претставува можност за поголемо вклучување на граѓанските здруженија во поддршка на родовата еднаквост. Меѓусебната размена на информации и искуства, како и соработката на национално и регионално ниво кое е во функција на ефективно застапување за промени на легислативата и политиките во областа на вработувањето, вклучувајќи ја и заштитата од дискриминација и родово засновано насилство, е еден од пристапите.

Во рамките на дебатата беа истакнати користа од видливите ефекти од поддршката на капацитетите на организациите вклучени во проектот и размената на искуства и информации помеѓу партнерите и останатите организации во справување со заедничките предизвици во областа на правата на жените и родовата еднаквост. Притоа беше истакната потребата од продолжување на прекуграничната соработка и по завршувањето на проектот.

Проектот е финансиран од
Европска Унија
.

Проектот е имплементиран од Акција Здруженска Скопје
и Институт за развој на заедницата Тетово